списание за ПРОМОВИРАЊЕ на БИБЛИСКАТА

# АРХЕОЛОГИЈА

## ископување на минатото

година I ● број 1 ● цена 30 денари ● месечно издание

9 789989 659454



Кој ги изградил пирамидите и зошто?

Дешифрирање на хиероглифите



Владетели и династии

Најславниот фараон - Тутмосис III

Најбогатата гробница



Во овој број:

## Земјата на ПИРАМИДИТЕ и ЕГИПЕТСКАТА ИМПЕРИЈА

# Големи споменици

*Ниту еден посетител на Египет не би можел да стои во подножјето на трите циновски пирамиди во Гиза во околината на Каиро, а да не биде восхитен од неверојатната големина на овие огромни споменици.*
*Кој ги градел пирамидите? Зошто биле направени? Како ги поставиле тешките камења во таа положба? Какви вештини биле потребни за да се конструираат пирамидите со таква математичка прецизност? Што можеме денес да научиме од древните цивилизации?*
*За да ги најдеме одговорите на овие, а и на многу други прашања, мора да ѕирнеме зад превезот на древната историја и да го проучиме потеклото на некогашното величие на Египет. Затоа, да го започнеме нашето патување во минатото и да ги откриеме чудесата на стариот свет.*

## Кој ги изградил пирамидите и зошто?

Првиот факт што станува очигледен за љубопитниот истражувачки ум укажува на тоа дека овие древни народи не биле примитивни пештерски луѓе кои напорно се искачувале по некоја еволутивна скала. Тие, всушност, биле мошне интелигентни, технички вешти градители и занаетчии.

Првите можни показатели што ги имаме за потеклото на овој неверојатен народ се наоѓаат во историските записи во Библијата. Таму откриваме дека еврејскиот збор преведен како „Египет“, всушност е „Мисраим“ и во Првата книга Мојсеева* 10,1-6 кажано ни е дека Мисраим бил син на Хам, кој, пак, бил син на Ное. Хам по потопот добил четири сина, а тогаш постоел само „еден јазик“ (1. Мојсеева 10,32 и 11,1).






Египет го основале Мисраимовите потомци. Интересно е да се забележи дека зборот „Миср“ е име кое Египќаните го применуваат и денеска, па така посетителите ќе забележат „Misr Bank“ („Египетска банка“), „Misr Travel Company“ („Египетска туристичка агенција“), „Misr Insurance Company“ („Египетска осигурителна компанија“).

Египет се наоѓа во Северна Африка. Не се знае кога Мисраим или неговите потомци се преселиле во тие краишта, но познато е дека првите населени жители ги погребувале мртвите во топлиот сув песок. Благодарение на сувата клима (Каиро во просек годишно има врнежи од околу 50 mm, а во Луксор, каде што се пронајдени многу мумии, скоро и да нема врнежи), телата бргу дехидрираат (ја губат течноста) и за подолго време остануваат сочувани од пропаѓање.

Несомнено е дека старите Египќани ја забележале оваа појава и сигурно тука нашле поткрепа за своето верување во бесмртност на душата. Тие веројатно мислеле дека, ако телото може да биде толку добро сочувано, тогаш и душата на покојникот, би требало да живее.

Во секој случај, старите Египќани вложувале голем труд за да ги сочуваат телата на нивните умрени пријатели, па така, телата на починатите, балсамирани и мачкани со разни масла, познати ни се како мумии. Некои од нив може да се видат во музејот во Каиро и во Британскиот музеј во Лондон.

## Египетското писмо

И вештините во пишување рано се развиле во египетската историја. Прекрасното хиероглифско писмо било користено уште во времето на првите владетели на обединетиот Египет. Ова сложено писмо се состоело од околу 750 различни симболи или слики, наречени хиероглифи. Понекогаш една слика претставувала цел збор, понекогаш фонетски слог, а во друг случај една буква. Египетските хиероглифи немаат согласки, па затоа не можеме да бидеме сигурни како Египќаните ги изговарале своите зборови и имиња. Токму затоа многу египетски имиња се пишуваат различно во различни книги. Хиероглифите може да бидат напишани од лево кон десно, од десно кон лево или од горе па надолу. Насоката во која бил пишуван текстот, била одредувана од насоката кон која бил свртен симболот. Ако фигурата била свртена кон лево, тоа значело дека текстот треба да се прочита од лево кон десно.

Околу 700. г. пред Христа. било измислено демотското писмо. Тоа било пишувано од десно кон лево и набргу почнало да се користи за пишување на деловни и книжевни дела. Бидејќи демотското писмо претставувало поедноставена форма на хиероглифското писмо, лесно можело да се научи и да се пишува, па се користело во поголема мера отколку потешките хиероглифи. Лајденскиот папирус од 3 век пр. Хр. бил клуч за дешифрирање на древниот египетски јазик пишуван со демотско писмо. Демотското писмо било многу популарно, но постепено се развило во коптско писмо.

Во Египет се пишувало на камен или на папирус. Папирусот е растение слично на трска. Трските од папирусовото растение растеле во изобилство во древниот Египет. Тврдиот надворешен слој на билката се одвојувал за да се дојде до внатрешноста, која е многу мека. Тогаш мекото внатрешно јадро било сечено на тенки ленти кои се потопувале во вода. Тие биле ставани една до друга додека не се


Египќаните го развиле прекрасното хиероглифско писмо

постигнела посакуваната ширина. Озгора бил поставуван вториот слој под прав агол во однос на првиот. Преку целиот папирус бил ставан материјал што добро впива, а потоа подложен на притисок неколку дена. Така се добивал цврст но еластичен лист на кој писарите пишувале со црно или со црвено мастило.



Наполеоновата војска ги ископува археолошките пронајдоци

До 400. година пред Христа, хиероглифскиот начин на пишување излегол од употреба, а во следните сто години било заборавено и демотското писмо.

Сè до 1822 година научниците не биле во можност да ги дешифрираат и разјаснат драгоцените историски информации што ги содржеле папирусите и записите на камен. Но, едно извонредно откритие ќе послужи како клуч за дешифрирање на египетските хиероглифи и ќе го отвори патот за проучување на древните блискоисточни текстови.

## Каменот од РОЗЕТА

Францускиот војсководец Наполеон Бонапарта го освоил Египет во 1798 година. Во август следната година, еден од неговите офицери бил ангажиран при поправката на тврдината Св. Јулиј, близу до градот Рашид или Розета.

Овде тој пронашол голем црн камен, изработен од гранитна карпа со импозантни димензии: височина 112 см, широчина 82 см, дебелина 28 см и тежина 762 кг. На него бил запишан текст во три писма - најгоре со хиероглифи, во центарот со демотско писмо, а на дното со грчко писмо. Грчкиот дел од текстот, кој можел да се разбере, бил запис во спомен на доаѓањето на престолот на грчкиот владетел Птолемај V, во 196. година пред Христа. Научниците заклучиле дека ова бил тријазичен извештај на еден ист настан и дека со споредување би можело да се дешифрира значењето на непознатите египетски хиероглифи. Но, пред да можат Французите да ја остварат работата околу дешифрирањето, во 1801 година Британците го освоиле Египет, па Каменот од Розета дошол во нивни рацете и со брод бил пренесен во британскиот музеј, каде што останал до денес.









## Шамполион ги дешифрира хиероглифите



Чудното сликовито писмо на старите Египќани долго време било енигма за научниците

Меѓутоа, Французите направиле копија од записот на каменот од Розета, па така, и француските и британските научници можеле да работат на преведувањето. Англичанецот Томас Јанг (Thomas Young) постигнал извесен напредок, но младиот француски генијалец по име Жан Франсоа Шамполион (Jean Francois Champollion) конечно ги дешифрирал хиероглифите.

Шамполион бил роден на 23 декември 1790 година. Имал извонредна меморија и талент за странски јазици. На 11-годишна возраст тој веќе ги владеел латинскиот, грчкиот и еврејскиот јазик. Школскиот службеник Фурие (Fourier), кој се придружил на Наполеоновата експедиција во Египет, бил импресиониран од извонредната интелигенција на момчето и го повикал во својот дом каде што му ја покажал својата египетска колекција. Момчето било восхитено кога го здогледало папирусот со хиероглифско писмо и прашало: *„Умее ли некој да го прочита ова?“* Фурие одмавнал со главата. *„Тогаш јас ќе го сторам тоа!“* - самоуверено изјавило момчето.



На дванаесетгодишна возраст Шамполион ја напишал својата прва книга, а на тринаесет почнал да изучува арапски, сириски, халдејски и коптски јазик. Тој станал толку вешт во зборувањето на овој последен јазик, што повеќето свои статии ги напишал на коптски. Чудно е што тој никогаш не го видел оригиналниот Розета-камен. Кога на осумнаесетгодишна возраст му била дадена копија од ракописите, почнал да ја проучува.

Наредните четиринаесет години тој се обидувал да го преведе овој текст. Неговата задача била уште потешка, бидејќи горниот дел од




Откритието на Шамполион ги отворило вратите за влез во тајните на древните народи



Таму каде што тече Нил - таму буи животот

каменот каде што биле испишани хиероглифите бил скршен и недостасувал. Останале само четиринаесет реда и ниту еден од нив не бил комплетен.

Во 1822 година, на возраст од 32 години, Шамполион конечно објавил дека знае да ги чита мистериозните египетски хиероглифи. По шест години, само четири години пред неговата смрт, тој за првпат го посетил Египет.

Но клучот за хиероглифите бил пронајден. Историските информации напишани на спомениците и папирусите сега можеле да се прочитаат и проучувачите конечно можеле да ги состават сите делови од историјата на стариот Египет.







## Историските извештаи на **фараоните**

Треба да се знае дека Египќаните не ја запишувале историјата онака како што се одигрувала. Повеќето значајни споменици биле направени и испишани од фараоните, кои не биле загрижени историските извештаи да ги забележуваат прецизно. Тие повеќе ги запишувале своите лични успеси и квалитети и затоа не е лесно за научниците да одредат прецизни историски информации засновани на вакви пристрасни записи. Научниците честопати не можеле да одлучат колку, всушност, имало вистина во напишаните историски факти. Се забележува впечатлива разлика во однос на извештаите од Библијата, каде што историските податоци не бележат само победи и успеси, туку и порази и морални падови дури и кај најзначајните личности. Вакво непристрасно известување не е најдено ниту во египетските ниту во кои било небиблиски историски записи. Па сега, според хиероглифските записи на древните историчари како Херодот („таткото на историјата“), кој го посетил Египет во средината на петтиот век пред Христа, Манетон, египетски свештеник кој живеел околу 300. година пред Христа, и Јосиф Флавиј, еврејскиот историчар кој живеел во првиот век, да ја разгледаме историјата на древната египетска цивилизација.

## **Реката Нил**, извор на живот

Египет бил населен главно во долината на Нил, тесен дел од плодна земја во опсег од околу 12 км во ширина и илјада километри во должина од југ кон север. Поради тоа што еден дел е на поголема надморска височина, јужниот дел е наречен Горен Египет, а северниот дел е наречен Долен Египет. Нил тече кон север, од Горен кон Долен Египет. Во Мемфис, блиску до современиот град Каиро, Нил се дели на неколку дела и како лепеза се шири на плодната делта.



## **Владетели и династии**

Во најраните египетски времиња, со малите градови и села управувале локалните поглавари или кралеви (цареви). Првиот човек кој ги обединил Горен и Долен Египет под една монархија бил Менес, и тој се смета за основач на првата династија. Династија е линија од кралеви каде што круната била предавана од татко на син во текот на повеќе генерации. Кога некој надвор од семејството ќе го преземел престолот, тогаш започнувала нова династија. Древниот Египет бил воден од триесет и една династија.



Во Египетскиот музеј во Каиро се наоѓа слика на црн камен висок 64 сантиметри, која му се припишува на Нармер, вообичаено идентификуван како Менес. Од едната страна е прикажан Нармер како со својата лева рака држи непријател за коса, а со десната подигнат смртоносен боздоган.

Другата страна прикажува два лава со издолжени вратови испреплетени еден со друг. Вдлабнатината, формирана во кругот од испреплетени вратови, била користена за острење или мешање на козметика, па затоа овој камен бил наречен „Палетата на Нармер“.

## **Џосеровата** пирамида

Ерата на градење пирамиди почнала дури во текот на третата династија. Првиот владетел од третата династија бил Џосер (Zoser), кој имал среќа да има покрај себе генијалец по име Имхотеп. Овој човек не само што бил познат архитект и инженер кој ја дизајнирал и изградил првата голема пирамида туку бил и познат лекар.

Владетелите од првата династија имале гробници кај Абидос и Сакара, околу 370 км јужно од Каиро. Биле погребувани под т.н. мастаби, градби од тули од кал, подигнати над нивните гробови. Во Сакара, Имхотепископал во каменот



Имхотеп - кралскиот архитект



Првата голема пирамида била наменета за фараонот Џосер



дупка со димензии 7x7 метри и 28 метри длабока. На дното на оваа дупка се наоѓала гробница со пространи и комплексни премини. Намената на овој лавиринт од ходници не е позната.

Над овие ископувања Имхотеп изградил камена мастаба со димензии 63 x 63 метри, висока 8 метри. Ова било првпат да се користи камен за изградба на надгробен споменик. Оваа мастаба била обложена со бел варовник и со тоа незначително зголемена. Над мастабата била изградена скалеста пирамида на четири нивоа, а подоцна била проширена со уште две помали нивоа. Пирамидата била долга 125 метри од исток кон запад, 108 метри од север кон југ и 62 метри во висина. Тогаш дупката била целосно затворена со блескав бел варовник наречен „тура", и сигурно имала спектакуларен изглед.

Од каде ја добил Имхотеп својата идеја е прашање кое е предмет на шпекулации, но најверојатно ја позајмил од поранешната цивилизација на Месопотамија, каде што од почетокот на историјата се граделе зигурати, или кули со храмови. Најверојатно Вавилонската кула била првата таква кула. Овие кули биле користени како центри за обожавање и Имхотеп едноставно ја адаптирал идејата за создавање на погребен обичај. Очигледно било дека крадци на гробови влегле во гробот и ги украле работите, бидејќи не била пронајдена трага од телото на Џосер. Таму биле откриени два прекрасни ковчега од алабастер и во едниот ковчег имало остатоци од тело на дете.

## Пирамидите на **Снофру**

Дури во почетокот на четвртата династија дошло до вистински развој во изградбата на пирамидите. Чудно е да се каже, но изгледа дека првиот фараон на четвртата династијата, Снофру, бил градителот на трите пирамиди. Може да се шпекулира зошто би градел три пирамиди, бидејќи дури и фараонот-бог не би можеле да го закопаат на три места во исто време. Една веродостојна теорија тврди дека првата пирамида што ја изградил била кај Меидум, околу 64 километри јужно од Каиро. Надворешниот дел од оваа пирамида лежи како огромна маса руини на подножјето од пирамидата. Некои сметаат дека пирамидата не се распаѓала низ вековите туку се урнала кога била речиси завршена.





Трите пирамиди на Снофру

Можеби наместо да се обиде повторно да ја изгради оваа пирамида, Снофру наредил да се изгради следната пирамида кај Дашур, околу 45 километри на север.

Таа е позната како Искривена пирамида бидејќи, почнувајќи со агол од 54 степени (приближно истиот агол како кај пирамидата во Меидум), приближно на половина пат нагоре, нејзиниот агол се намалува на 43 степени. Во оваа градба забележани се некои пукнатини кои настанале поради огромниот притисок предизвикан од тежината на каменот. Дали ова била причината зошто пирамидата во горниот дел била завршена со помал агол? Можеби градителите сакале да бидат сигурни дека барем една пирамида нема да се урне. Тие ја изградиле и третата пирамида, таканаречена Црвена пирамида, под агол од 43 степени, истиот агол со кој била завршена Искривената пирамида. Сепак, тоа бил почетен стадиум во развојот на градењето на пирамидите.

## Пирамидите на **Куфу**

Тогаш дошол синот на Снофру, Куфу, кај Грците познат како Кеопс, кој ја изградил најголемата пирамида. Од едната страна пирамидата е долга 229 метри, речиси совршен квадрат, а висока 146 метри. Пирамидата била перфектно ориентирана според четирите страни на светот. Очигледно е дека градителите биле запознаени со геометриската формула за обемот на кругот, бидејќи периметарот на основата е еднаков на височината помножена со 2π. За изградба на овој гигантски споменик биле искористени 2 300 000 камени блокови. Секој камен просечно тежел 1,2 тони, а некои достигале тежина и до 7 тони. (Кога сите овие камења би биле пресечени на коцки од 30x30x30 см, би имало доволно камења два пати да се заобиколи Австралија).

На 16,5 метри од северната страна и малку од центарот на левата страна имало влез кој подоцна бил прикриен и запечатен. Од овој влез се спушта ходник помал од 120x120, под агол од 26 степени, прво низ камењата на пирамидата, а потоа низ цврстиот темел, кој е долг 105 метри. Потоа доаѓа во хоризонтална положба и влегува во недовршена гробна соба. Од ходникот што се спушта околу 18 метри, почнува еден друг ходник со исти димензии се издигнува нагоре под агол од 26 степени со должина од 39 метри. Влезот на овој ходник што се издигнува, подоцна озгора бил запечатен со три големи камења, а отворот прекриен со плоча од варовник, така што влезот не можел да се види.



Погребниот брод кој требало да ја префли душата на Кеопс во задгробниот живот

На врвот од овој ходник преминот е поставен хоризонтално и се наоѓа точно во средината на пирамидата, којшто завршува со таканаречената *Одаја на кралицата*. Врз основа на некои остатоци во таа просторија, се смета дека на тоа место се наоѓала статуата на умрениот фараон.



Влезот во пирамидата на Кеопс

Во 1986 година француски научници користеле опрема за набљудување на просториите зад камењата на пирамидата и така откриле три простории на западната страна од преминот, што водел кон *Одајата на кралицата*. ТВ-каме-


Куфу (Кеопс)

рата што била ставена во една од овие соби покажала дека таа била празна. Не се знае функцијата на овие соби.

Исто така, од врвот на овој ходник, се издигнувала прекрасно конструирана галерија, 46 метри нагоре до Кралската гробна одаја. Оваа одаја е порабена со сјајни блокови од гранит, донесени од Асуан, околу 1.000 километри на југ, со бродови преку реката Нил. Овие блокови, со тежина до 15 тони, се толку перфектно наредени и споени, што не е возможно да се стави ниту разгледница меѓу нив. На јужниот дел од оваа одаја се наоѓа голем саркофаг од црвен гранит. Сигурно бил ставен во одајата додека се градела пирамидата, бидејќи саркофагот е поголем од влезот во просторијата.

На таванот од просторијата има два мали отвори кои одат накосо нагоре и досегнуваат до надворешната страна на пирамидата. Иако се верувало дека служеле за проветрување, веројатно не е така, бидејќи тие би биле целосно несоодветни за работниците, а и мртвиот крал во секој случај не дишел. Се смета дека нивната улога била да ѝ овозможат на „душата на кралот пристап до надворешниот свет“. Сигурно имале церемонијално значење. Неодамна, бил направен мал робот што требало да се искачи низ отворот на јужната страна од собата на кралицата каде што се потврдило дека има врата со камени решетки на врвот. Дополнителни истражувања може да покажат што се крие зад таа врата.



## Провалена гробница

Не се знае кога пирамидата била провалена и ограбена. Според традицијата на муслиманите, во 9 век од новата ера, калифот Мамум (Ma'mum), верувајќи дека пирамидата содржи прекрасно богатство, им наредил на своите работници да ископаат дупка во неа. Тие започнале да длабат премин кон центарот од нејзиниот северен дел. Меѓутоа, Куфу бил доволно мудар и влезот го направил асиметрично од центарот на пирамидата. Доколку немале среќа, луѓето на Мамум вешто би копале низ пирамидата и би излегле на другиот крај без никаков плен. Но, нивното силно удирање со чекан ја поместило камената плоча која го криела долниот крај на влезниот ходник и се урнала со тап удар. Кога работниците го чуле ова, точно го одредиле правецот од каде што дошол звукот, ја смениле насоката и се поврзале со еден од ходниците. Денес туристите влегуваат во пирамидата токму низ овој премин што го ископале работниците на калифот Мамум.



Сателитска снимка на пирамидите од Гиза

На исток од пирамидата на Куфу се наоѓаат два огромни погребни брода. Несомнено е дека имале церемонијално значење; тие требало да ја „префрлат“ душата на кралот во задгробниот живот. Во близина има некои мали пирамиди, наречени Пирамиди на кралицата. На север од овие мали пирамиди, во 1925 година археологот Џорџ Рејзнер (George Reisner) го пронашол единствениот недопрен гроб од старото египетско кралство. Лежи на дното од една дупка длабока 30 метри, којашто ѝ припаѓала на кралицата Хетеферес, мајката на кралот Куфу. Богатата погребна опрема од овој гроб сега се наоѓа во музејот на Каиро.


Кафре (Кефрен)

## Пирамидата на Кафре

Синот на Куфу, Кафре (на грчки Кефрен), ја изградил следната голема пирамида. Таа била само три метри пониска од претходната, но бидејќи аголот е малку повисок, 52 степена и 20 минути наместо 51 степен и 52 минути, таа е 14,5 метри помала во основата. Тоа значи дека содржи помал волумен на камен. Оваа пирамида сè уште задржала на својот врв нешто од оригиналниот варовник со кој бил покриен поголемиот дел од пирамидите. Овој варовник „Тура“ бил многу посакуван од страна на локалните градители кои ги оголиле пирамидите за сопствени градежни потреби.



На исток од пирамидата на Кафре се наоѓа џиновската Сфинга. Го има ликот на Кафре и има тело на лав што клечи. Долга е 73 метри, а висока 20 метри. Телото било издлабено во цврст камен што бил таму на самото место, а нозете биле направени од тули.

## Пирамидата на Менкауре

Менкауре (грчки Микерин) бил градител на третата и многу помала пирамида во групата пирамиди во Гиза. Оваа пирамида зафаќа помалку од четвртина од површината што ја зазема пирамидатана Куфу. Кога ја изградиле била висока 66 метри. Горниот дел бил прекриен со бел варовник Тура, но долните шеснаесет слоеви биле украсени со црвен гранит од Асуан. Некои од овие слоеви не биле измазнети, што го покажува методот што бил ко-


Менкауре (Микерин)


Пирамидата на МЕНКАУРЕ (Микерин)

Пирамидата на КАФРЕ (Кефрен)

Пирамидата на КУФУ (Кеопс)



Колку време било потребно за да се изгради пирамида?

ристен за градба на сите пирамиди. Целата фасада била оставана во сурова состојба, а потоа ја мазнеле од горе надолу. Од неизмазнетите слоеви може да се заклучи дека Менкауре умрел пред неговата пирамида да биде целосно завршена.



# Градењето
## на пирамидите

Како ги граделе фараоните овие џиновски градби и како ги поставиле овие огромни камења на право место? Идеите за генијални механички средства, неидентификувани летачки објекти (НЛО) или таканаречената моќ на пирамидата, се чисти шпекулации. Нема записи, ниту слики на ѕидовите да ни кажат како биле изградени пирамидите. Имаме само еден вистински патоказ кој го наоѓаме на првиот пилон[1] од храмот на Карнак. Сликата покажува како камењата за оваа структура биле влечени во позиција кон платформата што била направена од тули сушени на сонце. Го знаеме ова затоа што многу од тулите сè уште се наоѓаат околу пирамидите.

Колку време било потребно за да се изгради пирамида? Историчарот Херодот изјавува: *„Работата течеше во 3 месечни смени, 100 000 луѓе во смена. Беа потребни десет години макотрпна тиранска работа на робовите за да се изградат шините по кои се влечеа камените блокови... За да се изгради самата пирамида, потребни беа дваесет години“.*

Меѓутоа, ние знаеме дека Искривената пирамида била изградена приближно за две години. Судејќи според датумите за кралевите забележани на записите на подножјето на пирамидата и на половина пат нагоре, може да се каже дека има разлика од една година.



1 пилон – порта; голема врата; висока градба слична на кула на влезот на староегипетските палати и храмови, однадвор обично покриена со ликови и слики во боја.

Така, пирамидата на Куфу може да била изградена за три или четири години. Бројката на Херодот можеби била преувеличена, но неодамна д-р Марк Ленер (Mark Lehner) ископал огромна пекарница во близина на пирамидите и таму пронашол огниште, садови за тесто и грнења за леб. Тој пресметал дека пекарницата имала можност да произведе доволно леб за да се нахранат 30 000 работници секој ден.

Во Египет има остатоци од околу осумдесет пирамиди, но ниту една не може да ја достигне големината на групата во Гиза. Подоцнежните пирамиди биле направени од помали и сурово обликувани камења или руини, и биле прекриени со измазнети блокови, со варовник. Сепак, крадци влегле во сите пирамиди и ги украле богатствата и телата на нивните кралеви.

## Израелците во Египет

Дванаесеттата династија имала некои моќни владетели кои ја развиле Фаијум, плодна оаза која прехранувала речиси 2 милиони луѓе. Исто така, фараоните на оваа династија граделе пирамиди за нивните гробници, но нивната градба била со полоша конструкција. По падот на оваа династија веќе не се граделе големи пирамиди.

Дванаесеттата династија владеела околу 200 години. Некои научници го одредиле датумот на почетокот на оваа династија на 2000 години пред Христа, но неодамна некои научници се посомневале во овој датум. Предложените измени, засновани на научни анализи, го поврзуваат ропството на Евреите со 12-тата династија, а нивниот излез од Египет со почетокот на 13-тата династија.




## Хронолошка револуција

Во книгата „Векови на темнина“ („Centuries of Darkness“), издадена во 1991 година, Питер Џејмс (Peter James), заедно со уште четворица други научници, тврди дека датумите на древната египетска историја треба да се вратат за околу 250 години (стр. 318). Во воведот на оваа книга Колин Ренфру, професор на Универзитетот за археологија во Кембриџ, напишал: *„Мислам дека нивната критичка анализа е точна и дека на повидок е хронолошка револуција во египетската историја“ (стр. 16).*





Во книгата на Дејвид Рол „Проверка на времето“ („A Test of Time“), издадена во 1995 година, се предлага уште подрастично скратување.



Тоа би можело да значи дека библиските извештаи за Јосиф, преселувањето на Јаков и неговото семејство во Египет и нивното подоцнежно ропство под фараонот, се случиле за време на дванаесеттата династија. За ваквото тврдење има значајни археолошки докази.

# Излезот од Кахун

Сер Флиндерс Питри (Sir Flinders Petrie) ископувал во Фаиjум во 1880 година, а во 1986 година д-р Розали Дејвид (Dr Rosalie David) од музејот во Манчестер го испитувала неговото дело таму. Таа го издала овој преглед во „Градителите на пирамидите во древниот Египет" („The Pyramid Builders of Ancient Egypt"). Насловот на 7. глава е „Туѓото население во Кахун" („The Foreign Population at Kahun"). На 191. страница таа напишала: *„Очигледно е дека одреден број Азијци биле присутни во градот (Кахун) и оваа ситуација можеби се рефлектирала и на други места во Египет. Може да се изјави дека, иако овие луѓе биле класифицирани како Азијци, не може со прецизност да се одреди дали нивната татковина е во Сирија или во Палестина... Нејасна е причината за нивното присуство".*



Хапи, египетскиот бог на плодноста

И Питри и Дејвид ги присвоиле традиционалните датуми и не ги поврзале овие мигранти со Израелците, но според поправените датуми нивната идентификација би била очигледна.

Едно интересно откритие од страна на Питри било необично големиот број „древни кутии... под подовите на многу куќи во Кахун. Во нив имало бебиња. Некогаш по две или три бебиња биле закопани во една кутија. Кога починале, тие имале само неколку месеци". Ова би било во согласност со библискиот извештај во 2. Мојсеева 1,16, за напорите на фараонот да го запре множењето на Израелците, кога наредил да се убијат сите машки новороденчиња. Сепак, некои мајки успеале да ги заштитат своите бебиња додека не наполнеле неколку месеци (2. Мојсеева 2,3).

Највпечатливиот елемент од ова ропство било неговото ненадејно исчезнување од сцената. Дејвид напишал, *„квантитетот, обемот, и типовите на дневните предмети што биле оставени во куќите може да навестат дека заминувањето било ненадејно и ненамерно"* (страница 199). Според хронологијата опишана во 1. Книга за царевите 6,1, излегувањето од Египет се случило околу 1445 години пред Христа, што би било набрзо по крајот на дванаесеттата династија. Мојсеј би бил роден за време на владеењето на Аменемхет III кој немал преживеани синови, само ќерката Себекнефруре, која немала деца. Ова би објаснило зошто таа се капела во реката Нил, наместо во својата палата. Таа се молела на богот Хапи од Нил, богот на плодноста, и бебето во рогозина го видела како одговор на нејзината молитва. Таа предложила тој да ѝ биде син и наследник на престолот.





Неферхотеп I веројатно бил фараонот во времето на излегувањето на Израелците од Египет

Меѓутоа, кога Мојсеј имал 40 години, тој убил Египќанец кој му се заканувал на некој Израелец. Кога фараонот слушнал за овој инцидент, Мојсеј бил принуден да ја напушти земјата. Ова го оставил Аменемфет без наследник и кога неговата ќерка умрела, дошол крајот на династијата. Таа била заменета со тринаесеттата династија и за време на оваа династија Египет го снашле десетте зла и се случило излегувањето на израелскиот народ од Египет.

# Десетте зла над Египет

Неферхотеп I бил последниот фараон пред Хиксите да влезат во Египет и веројатно бил фараонот во времето на излегувањето на Израелците од Египет.

Опишаните зла во 2. Мојсеева 7-12, сигурно го опустоштиле Египет. Мудрецот Ипувер ги опишал условите во тоа време на папирус кој е пронајден кај Мемфис, а сега се наоѓа во музејот Лајден во Холандија. Во еден дел тој вели: *„Чума помина низ земјата и крв има насекаде... но мртовците се закопани во реката... а реката е крв... странци дојдоа во Египет... пченката изумре насекаде"* (Древните Египќани, стр. 95-99).

Странците би биле Хиксите кои ја нападнале земјата во тоа време. Цитирајќи од Манетон, Јосиф Флавиј напишал: *„Имаше еден наш крал по име Тимај. За време на неговото владеење, не знам како, Господ не ни беше наклонет, и тогаш на чуден начин, од источните делови се појавија луѓе со бедно потекло, но беа доволно храбри да поминат низ нашата земја и многу лесно ја покорија со сила, па сепак, ние не требаше да војуваме со нив".* Египет обично имал добро истренирана угледна армија. Тешко е да се објасни како Хиксите би го окупирале Египет без битка, освен ако египетската армија не била уништена во Црвеното Море (2. Мојсеева 14,28). Големиот Египет бил ставен на колена пред Бога. Без робови, без воена сила, моќта и просперитетот на Египет постепено слабеел. Која и да била причината, над египетската земја се надвиснале мрачни времиња.









# ЕГИПЕТСКАТА ИМПЕРИЈА





## Војната на Секененре со Хиксите

Варварските Хикси (Hyksos), од нивниот главен град Аварис во делтата на Нил, владееле со Египет со железна рака. Тие немале своја култура; оставиле само неколку споменици и натписи со слаб квалитет. Тие го експлоатирале и угнетувале локалното население, па било неизбежно на крајот да избие и војна за ослободување.

И навистина, војната започнала. Секененре (Sekenenre) или „Тао храбриот“, локалниот крал од седумнаесеттата династија, кој владеел во Теба во Горен Египет, бил човекот кој ја иницирал таа војна. Несомнено е дека Секененре долго време тешко ја поднесувал доминацијата на Хиксите, па веројатно последната капка во чашата било писмото што го примил од кралот на Хиксите во Аварис во кое се жалел дека не можел да спие од гровтањето на нилските коњи од Теба. Очигледно било дека кралот на Хиксите не можел да го слушне гровтањето на нилските коњи на оддалеченост од осумстотини километри. Таквата неправда толку многу го разлутила Секененре, што решил да започне војна за ослободување.

Балсамираното тело на Секененре се наоѓа во Египетскиот музеј во Каиро. На неговиот череп има неколку длабоки рани, веројатно како резултат од удари со воени секири. Тој можеби загинал во првиот судир со Хиксите. Битката ја продолжил неговиот син, Камосес (Kamosis).



## Камосес ги поразува Азијците

Во 1954 година, истражувачите во Карнак ископале еден голем камен столб на кој биле запишани воените мерки кои Камосес ги презел против кралот на Хиксите, Апофис. Натписот гласи: *„Би сакал да знам зошто ми служи оваа моја сила, кога еден војсководец се наоѓа во Аварис, друг во Куш, а јас сум соединет со еден Азијат и Нубиец, кои си имаат свој дел од Египет. Јас ќе се борам против нив и ќе им го расечам стомакот. Мојата желба е да го ослободам Египет и да ги прегазам овие Азијци“.*

## Ахмосес го освојува Аварис

Камосес освоил многу градови и бродови на Хиксите и заробил голем број жители, но очигледно не успеал да го освои и градот Аварис, по сè изгледа дека умрел млад, како татко му. Довршувањето на задачата, да го ослободи својот народ од Хиксите, му останала на неговиот помлад брат, Ахмосес, кој го наследил. Тој го освоил Аварис и ги присилил Хиксите да се повлечат во јужна Палестина, во градот наречен Шарухен (Sharuhen). Три години Ахмосес го држел овој град под опсада, сè додека не ги победил и протерал Хиксите. Не постојат никакви натписи за тоа каде заминале тие, но Ахмосес се смета за основач на моќната Осумнаесетта династија која придонела за голем просперитет и моќ на Египет.



Ахмосес

## Тутмосис во Долината на кралевите

Ахмосес го наследиле најнапред Аменофис I (Amenophis I), а подоцна Тутмосис I (Thutmosis I). Наместо масивните пирамиди на претходните династии, Тутмосис својата гробница ја врежал во карпа свртена кон Долината на кралевите на западниот брег на реката Нил, наспроти градот Васет, кој им бил познат на Грците како Теба, а сега се вика Луксор.

Тутмосис I немал синови, туку само ќерки, па затоа тронот му припаднал на Тутмосис II (Thutmosis II), кој се оженил со Хатшепсут (Hatshepsut), ќерка на Тутмосис I. Овој несреќен човек владеел само четири години и потоа умрел, но и тој немал синови од својата главна жена, Хатшепсут, туку само ќерки. За да ја сочува династијата, за наследник го назначил синот што го имал со една од другите жени, чие право на тронот било поддржано со бракот со неговата полусестра, Меритра, ќерка на Тутмосис II и Хатшепсут. По смртта на Тутмосис II, овој млад принц бил крунисан на тронот како Тутмосис III.



Аменофис I



Тутмосис I



Тутмосис II



Кралицата Хатшепсут со церемонијална брада



## Владеењето на **Хатшепсут**

Но Тутмосис III бил премногу млад за да владее, па затоа таа задача ја извршувала Хатшепсут. Се чини дека ѝ се допаднала таквата работа, затоа што наскоро си ја присвоила позицијата на кралица. Подоцна си ја присвоила титулата фараон (која била титула на машки владетели), се облекувала како крал, па дури носела и церемонијална брада! Ова и не било толку невозможно, зашто египетските мажи секогаш биле мазно избричени, а како знак на кралска припадност, фараонот носел вештачка брада. Очигледно е дека Хатшепсут одлучила да го направи истото. Бројните статуи и сфинги со ликот на Хатшепсут во музејот во Каиро, ја прикажуваат со таква церемонијална брада.



## Храмот во **Деир ел Бахри**

Дваесет и едногодишното владеење на Хатшепсут било проследено со мир и просперитет. Таа изградила прекрасен храм во Деир ел Бахри, во близина на Долината на кралевите. Тој е едно од чудата во Египет. На ѕидовите од овој храм има цртежи кои го прикажуваат нејзиното раѓање. Богот Амон е прикажан како одговорен за нејзиното зачнување, па целата сцена на раѓањето е замислена да го поткрепи нејзиното тврдење дека таа е назначена за богкрал на Египет со божествена интервенција. Таа, исто така, издала наредба да бидат изрежани четири огромни гранитни обелисци во каменоломите во Асуан а потоа пренесени по Нил до Карнак, каде што биле поставени. Еден од нив сè уште стои таму и денес. Со своите приближно 30 метри висина, некогаш обложен со блескаво злато, тој е највисокиот обелиск во Египет.

На ѕидот на погребниот храм на Хатшепсут насликана е и нејзината трговска експедиција до земјата Пунт. На сликите се гледаат мноштво работи што ги донела таа. Местоположбата на оваа земја не е позната, но врз основа на билките и дрвјата на тие слики, ботаничарите заклучиле дека тоа би можело да биде Источна Африка.

## Најславниот фараон - **Тутмосис III**

Хатшепсут одеднаш исчезнала од сцената како што и дошла. Ја наследил Тутмосис III, кој се смета за најголем од сите фараони. Тој изградил свечена сала во храмот во Карнак, кој сè уште постои и денес со својот покрив. Тука бил пронајден драгоцен список на фараони. Тој, исто така, оставил неколку свои убави скулптури. Што се однесува на странските освојувања, во историјата на Египет му нема рамен. Во аналите на Тутмосис III се забележани седумнаесет воени походи во текот на неговото владеење, а како резултат на тоа, во египетската земја се слеале огромни количини на добра како данок и плен. Неговата слава се проширила во многу земји во дваесеттиот век, зашто тој подигнал четири големи обелисци, кои подоцна биле пренесени во четири главни градови во светот. Еден од нив е познат како „Иглата на Клеопатра“ и е поставен на брегот на реката Темза, вториот се наоѓа во Централ парк, во Њујорк, третиот се наоѓа пред црквата Св. Јован, во Рим, а четвртиот е во Истанбул.

Кон крајот на своето владеење Тутмосис оштетил поголем дел од споменициците на Хатшепсут, рушејќи ги нејзините статуи и бришејќи го нејзиното име од натписите. Не е позната причината за таквото однесување, зашто се чини дека имал близок однос со неа. Во текот на нејзиното владеење тој бил водач на воените сили и можел лесно да ја симне од престолот, но не го сторил тоа. Можеби имало некои влијателни луѓе покрај него кои го убедиле да постапува така.







## Туристичка **атракција**

Кога умрел Тутмосис, го закопале на крајот од Долината на кралевите. Неговиот убав гранитен саркофаг сè уште е таму, но неговото мумифицирано тело се наоѓа во Музејот во Каиро. За жал, неговата мумија била ограбена, расцепена на три дела од страна на ограбувачи. Додека обичниот посетител гледа во смирениот лик на овој некогаш голем фараон, нема да биде свесен за тоа, зашто, иако лицето може да се види, телото е завиткано со платно. Толку за светската големина! Најмоќниот од сите фараони денес предизвикува само атракција кај безгрижните туристи.

## Стелата[2] на Тутмосис IV

Наследникот на Тутмосис III бил суров деспот, Аменофис II, кој бил забележан поради својата вештина со лак и стрела. Неговиот наследник, Тутмосис IV наредил да се вреже натпис на еден камен столб кој ќе биде поставен помеѓу шепите на Големата Сфинга во Гиза. На натписот, Тутмосис





тврди дека еден ден кога бил на лов легнал да се одмори во сенката на Сфингата, чие тело било затрупано со песок. Додека спиел, Сфингата му проговорила жалејќи се на тврдиот песок и му ветила дека ако ја ослободи од песокот, ќе стане следниот фараон. Тутмосис се сложил со барањето на Сфингата и, се разбира, станал фараон. Некои други владетели правеле листи на фараони за да го оправдаат своето право на престолот. Тутмосис тврдел дека го сонувал тој сон со кој добил овластување да стане следен фараон.

## Аменофис Величествениот



По Тутмосис IV следувал Аменофис (или Аменхотеп) Величествениот, кој се чини бил многу приврзан кон неговата главна сопруга, Тиу. Најголемата скулптура во музејот во Каиро е токму скулптурата на овој фараон, Аменофис III, кој е прикажан како седи на тронот, а раката на неговата сопруга нежно го држи околу половината. Исто така, има и една помала скулптура од Тиу во музејот во западен Берлин, а ако Тиу барем малку наликувала на оваа скулптура, значи дека не била особено убава – можеби го привлекла големиот крал со својата личност.

Аменофис III бил одговорен за изградбата на четиринаесет масивни камени столбови во храмот во Луксор и огромниот двор кон кој води патеката со тие столбови.

2 Плоча од камен со релјеф



## Колосите од Мемнон

Аменофис Величествениот, исто така, изградил и еден чудесен храм на западниот брег од реката Нил, кај Луксор. Тој бил речиси половина километар долг, но следните фараони го употребувале каменот од оваа градба за нивните сопствени градежни проекти, сè додека не останале само двете големи скулптури на влезот. Тие им биле познати на Грците како „колосите од Мемнон".

Аменофис доживеал длабока старост и неговата мумија покажува дека имал тешки воспаленија на непцата. Неговото владеење го карактеризирале мир и просперитет, но дури и пред да умре, било очевидно дека египетската земја имала тенденција да навлезе во ера на религиозна реформа без преседан. Можеби и самиот Аменофис ја започнал таквата реформа.



Колосите од Мемнон

## Еретичкиот крал Ехнатон

Следниот крал бил мошне невообичаена личност. Аменофис IV понекогаш го нарекувале еретички владетел на Египет. Во почетокот на владеењето тој прифатил монотеистичка религија, обожавајќи го боготсонце во вид на сончев диск, Атон.



Ехнатон прифатил монотеистичка религија

Тој го променил своето име од Аменофис, што значи „Амон е задоволен", во Ехнатон, што веројатно значи „во служба на Атон". Очигледно, откако сфатил дека не може да го преобрати свештенството во Теба кон новата религија, Ехнатон го напуштил главниот град и изградил нова престолнина која се наоѓала на половина пат меѓу Каиро и Теба и ја нарекол Акетатон (денес познат како ел-Амарна), што значи „хоризонтот на Атон (сонцето)".



Судејќи според неговите скулптури и портрети, Ехнатон бил гротескна фигура, со издолжено лице, дебели усни, голем стомак и ненормално дебели бутови. Но тој бил индивидуалист, неверојатен во своите барања. Наместо да ги крие своите физички недостатоци, тој вовел нова уметничка форма во Египет. Неговите скулптори веројатно добиле инструкции да го прикажат „таков каков што е". Не само што сите негови абнормалности се верно ре-

продуцирани тuку и неговите ќерки и високите службеници на дворот, исто така, се прикажани со слично нагласени физички особини. Ова претставувало голема револуција во египетската уметност, во која дотогаш фараоните не се прикажувани онакви какви што навистина биле, туку какви што би сакале да бидат.



## Убавата кралица **Нефертити**



Ехнатон имал шест ќерки со својата прекрасна жена, Нефертити, чија позната статуа била пронајдена од страна на германски археолози меѓу урнатините на Ехнатон и однесена во Музејот во Берлин, каде што е изложена и денес. На статуата левото око на Нефертити е прикажано слепо. Дали таа навистина била слепа или, пак, статуата не била довршена е предмет на шпекулации. Во своите подоцнежни години, Ехнатон се оженил со една од своите ќерки, Анкесенатон, па можеби Нефертити била симната од престолот, иако е очигледно дека не паднала во немилост, бидејќи за неа била изградена прекрасна палата на северниот крај од градот, во која живеела.



## Писмата од Тел ел Амарна

Ехнатон бил толку опседнат со својата религиозна реформа, што го занемарил владеењето со империјата. Здружените кралеви му пишувале на фараонот барајќи помош од него, но тој бил глув за нивните молби, па нивните писма напишани на глинени плочки биле носени во архивата на палатата, каде што биле откриени во 1884 година. Необично е што, кога овие новоископани плочки му биле понудени на еден музеј, експертите не биле заинтересирани за нив. Плочките биле сметани за фалсификати бидејќи биле напишани со акадиско клинесто писмо, а експертите нагласиле дека секое дете знае дека египетското писмо е составено од хиероглифи. Конечно била докажана автентичноста на глинените плочки и тие денес се познати и вреднувани како „Писмата од Тел ел Амарна“.



Во некои од овие писма има поплаки за народ познат под името Хабиру, кој се чини ја вознемирувал периферијата на фараоновата територија. Извесно време се сметало дека станува збор за Евреите кои по напуштањето на Египет ја зазеле територијата на Палестина, но извештаите во кои се споменуваат Хабиру, се протегаат од далечниот северен дел на Сирија, па дури и Вавилон, така што експертите денес сметаат дека ваквиот израз мора да се однесува на некој друг народ.

## Тутанкамон повторно го обожава Амон



Златната маска на Тутанкамон

Кога умрел Ехнатон, се раширила голема одбивност спрема новата религија. Градот Акетатон бил напуштен, а обожавањето на Амон од Теба било обновено. Мумијата на кралот никогаш не била пронајдена, па се смета дека тој веројатно станал жртва на бесот на неговите прогонувачи. Но, токму оваа побуна довела до едно од најголемите археолошки пронајдоци досега.

## Најбогатата гробница

Ехнатона требало да го наследи неговиот брат, Семенкаре, кој бил оженет со ќерката на Ехнатон, Мериатон, но изгледа дека Семенкаре умрел набрзо по Ехнатон, така што веројатно не доживеал да седне на египетскиот престол.

Тој му припаднал на Тутанкатон, веројатно син на Ехнатон од неговата жена Кија. Тој бил момче на возраст од девет или десет години кога станал фараон и се оженил со ќерката на Ехнатон, Анкесенатон. Младата брачна двојка, несомнено под притисок на Амоновите свештеници од Теба, одновно почнала да го обожава Амон и повторно ја назначила Теба за главен град. Нивните имиња биле променети во Тутанкамон и Анкесенамен, со што се означило нивното враќање на обожавањето на Амон.

Ова веројатно биле среќни години за момчето-крал и за неговата млада сопруга. Во тој период не се воделе никакви војни, па популарноста на фараонот главно се должела на неговото прифаќање на старата религија. Но, тој имал само околу деветнаесет години кога му се случила некоја несреќа и тој умрел. Најновите снимки покажуваат дека повредата на неговиот череп била предизвикана од страна на лицето кое го вршело балсамирањето, а не од некој убиец. Вистинската причина за неговата прерана смрт не е позната, но снимките покажуваат фрактура на колкот, која можеби предизвикала труење на крвта и смрт. Младиот фараон бил закопан со кралски почести во Долината на кралевите, а неговата гробница била наполнета со прекрасни драгоцености.

# Чудесните богатства на **Долината на кралевите**

Во минатото гробниците на фараоните биле постојано цел на ограбувачи кои речиси секогаш успевале да влезат во нив и да ги ограбат. Несомнено, истото сценарио ќе се повторело и со гробницата на Тутанкамон, ако не се случило нешто необично.

Еден од наредните владетели, Рамзес VI, наредил да се ископа гробница за него во близина на гробницата на



Пред очите на пронаоѓачите се појавиле баснословни богатства

Тутанкамон, па камењата што биле ископувани од оваа нова гробница биле фрлани на влезот од гробницата на Тутанкамон, па така затрупана, таа била сосема заборавена.

Откритието на гробницата на Тутанкамон од страна на Хауард Картер (Howard Carter), спонзорирано од лорд Карнарвон (Carnarvon), во 1922 година, претставува едно од најимпресивните открития во современата археологија. Огромната количина злато која била извадена од оваа гробница, извонредните скулптури и украсите на погребните драгоцености, претставуваат чуда кои предизвикуваат восхит кај сите што го посетуваат музејот во Каиро.



Хауард Картер ја пронашол гробницата на Тутанкамон

## **Ај** против **Атон**

Наследникот на Тутанкамон, постар и искусен државник-свештеник по име Ај, го приграбил не само престолот туку и вдовицата на Тутанкамон, Анкесенамен. Него го наследил жестокиот фараон-војник, Хоремхеб, кој бил посветен верник на старата религија на Амон. Тој очигледно го презирал обожавањето на Атон, кое Ехнатон се обидел да му го наметне на египетскиот народ, па својата одмазда ја демонстрирал со тоа што неговите работници ги испратил по цел Египет да ги уништат споменициите на Атон, обезличувајќи ги, бришејќи го името на Атон и кршејќи ги статуите на Ехнатон.

Кога умрел Хоремхеб, него го наследил неговиот везир (главен советник), Рамзес I, со кого започнала 19. династија. Рамзес I владеел само две години, а потоа го наследил неговиот син, Сети I, кој започнал серија воени походи во Палестина и Сирија. Сети I започнал да гради огромни столбови во големата палата во Карнак, а неговиот храм во Абидос сè уште е во извонредна состојба. Камениот покрив останал неоштетен, што овозможило да се зачуваат и боите на прекрасните цртежи на ѕидовите. Неговата мумија е најдобро сочувана мумија од сите фараони.



Мумијата на Сети I





## **Рамзес** Велики

Сети I бил наследен од својот син, Рамзес II, кој денес често се споменува како „Рамзес Велики". Тој бил величествен поради многу причини. Најнапред владеел 67 години; второ, тој ја исполнил египетската земја со свои споменици, статуи и храмови, а трета работа која го направила уникатен е фактот што бил татко на повеќе од 50 синови и голем број ќерки. Во 1995 година професорот Кент Викс (Weeks) ја открил семејната гробница на синовите на Рамзес под патеката која води кон Долината на кралевите во Луксор.

Рамзес ја довршил масивната стилска сала во Карнак и изградил огромен храм познат како Рамазеум на западниот брег на реката Нил, кај Луксор. Тој наредил да се изделка храм од карпа во Абу Симбел, кој се наоѓа околу 550 километри јужно од Луксор. Кога била изградена браната во Асуан, овој величествен храм бил во опасност да биде поплавен при порастот на нивото на водата, па целата карпа била исечена на блокови и заедно со храмот повторно биле поставени на повисоко место (во текот на 1960-те), каде што биле сигурни од поплави.

## Битката кај **Кадеш**

Рамзес II се борел само во една поголема битка и тоа против Хетитите кај Кадеш, но тоа максимално го истористил. Бројните релјефи и натписи на ѕидовите во Луксор, Карнак и Абу Симбел ја откриваат храброста што ја покажал во таа борба. Но, кога хетитската империја била идентификувана во поново време, експертите почнале да читаат меѓу редови во извештаите за битката и откриле дека Рамзес бил среќен што воопшто извлекол жива глава од таа битка. Тој потпишал мировен сојуз со хетитскиот крал Хатусилис, а овој договор бил запечатен со венчавка на столетието меѓу ќерката на хетитскиот крал и Рамзес Велики, кој несомнено бил среќен што може да додаде уште една жена во својот харем. Достапни се уште интересни материјали за Кадеш и битката кај Кадеш.



Сцена од битката кај Кадеш

## „Израел" на натписот на **Мернептах**

Мернептах, тринаесеттиот син на Рамзес II, бил избран да го наследи својот татко. Тој зад себе оставил голема камена плоча, позната како Израелска стела, која сега се наоѓа во Египетскиот музеј во Каиро, а на неа се запишани неговите фалби за победата над Либијците, кои веројатно ја нападнале египетската земја. Овој споменик станал познат поради тоа што



Натписот на Меренепта или Израелска стела



е единствениот натпис во целиот Египет кој го содржи името „Израел“, иако не дава многу информации во врска со Израел. Таму едноставно пишува:

*„Опустошен е Техену (некое либиско племе); Хати (земјата на Хетитите) е смирен ограбен е Ханан, нанесено му е секое зло; одведен е Аскалон; приграбен е Гезер; Јаноам е како да не постои веќе; Израел лежи опустен, нема семе; Хуру (израз за Палестина) стана вдовица на Томери (Египет)!“* Она што го дознаваме од овој натпис е дека во времето кога бил пишуван, Израел веќе постоел како народ во хананската земја, што ги збунило оние историчари кои тврделе дека Мернептах бил фараонот во времето на излезот на Израел од Египет. Тој дури го дискредитира и популарниот став дека Рамзес II бил фараонот во времето на Излезот.

## Датирањето
### на излегувањето од Египет

Според библиската хронологија запишана во 1. Книга за царевите 6,1, излегувањето од Египет се случило 480 години пред започнувањето на градбата на Божјиот храм во четвртата година од владеењето на цар Соломон, што значи дека Израел го напуштил Египет околу 1445 година пред Христа.

## Мојсеј
### роден во ропство



Фараоновата ќерка го наоѓа бебето Мојсеј

Фактот дека сторијата за Мојсеј и за ропството на Израелците во Египет е историски настан, бил потврден со името Мојсеј. Фараонот издал декрет дека Израелците треба да работат како робови во изградбата на неговите градови, а за да ги спречи да се множат, што би претставувало закана за Египќаните, тој наредил сите машки деца што израелските жени ќе ги родат, да бидат фрлени во реката Нил.

Една мајка го исполнила словото на законот но не и неговиот дух, положувајќи го своето бебе во водоотпорна кошница пред да го фрли во Нил.

## Изваден *од вода*

Кога фараоновата ќерка дошла до реката за да го изврши чинот на церемонијално бањање, несомнено во чест на богот на реката Хапи, таа го забележала беспомошното бебе и го усвоила. *„И таа го нарече Мојсеј, зашто го извадив – рече - од вода“* (2. Мојсеева 2,10). Ние денес знаеме дека Мојсеј (Moses) не е еврејски збор. Еврејскиот облик е Моше. Мојсеј е египетски збор. Фараоните тврделе дека се *„родени од“* или *„потекнуваат од“* богови-те, па многу од нив ја вклучувале ваквата мисла и во своите имиња. Па така, ги имаме Ахмосис, чие име е извлечено од богот Ах; Камосес според богот Ка; Тутмосис, добиено од богот Тут; и, се разбира, Рамосес (Рамзес) изведено од името на богот на сонцето, Ра.









Веројатно на Мојсеј му било дадено името Хапи-Мојсеј, што значи изваден од реката Нил, од страна на богот Хапи. Токму тоа објаснува зошто египетската принцеза се решава на необична постапка да усвои син на робинка. Таа го сметала бебето како чудесен подарок што го добила од богот на реката, Хапи. Се разбира, писателот на Втората книга Мојсеева немал желба да го овековечи името на паганскиот бог, Хапи, и затоа воопшто не го споменува.

## Споменици
### полни фалба

Многумина се прашуваат, зошто во Библијата наоѓаме некои историски факти за Израел и Египет, а во египетските споменици нема никакви податоци за ваквите случки. Затоа мора да имаме на ум дека египетските фараони ги прикривале и не ги запишувале своите порази. Тие едноставно се фалеле со своите достигнувања, доблести и славни победи. Навистина би било невообичаено кога Египќаните би ги забележале таквите настани како што е излегувањето на израелскиот народ од Египет, кое всушност претставува понижување на фараоните.

Подоцнежниот фараон Рамзес III бил главен градител на огромниот храм во близина на Луксор, наречен Мединет Хабу, на чии ѕидови има неколку огромни релјефни записи за неговите битки со Либијците и со „народите на морето“ кои се обидувале да го освојат Египет.

## Фараон
## освојувач

Основачот на 22-та династија бил Шошенк I (во Библијата претставен како Шишак), кој оставил голем релјефен запис на јужниот ѕид на храмот во Карнак, кој го прикажува него како ги победува непријателите и набројува стотина градови за кои тврди дека ги освоил; многу од тие градови се идентификувани како градови во Палестина. Меѓутоа, Ј. Б. Причард (J. B. Prichard) ваквиот список го смета за неисториски, а исто така и Питер Џејмс (Peter James) и Дејвид Рол (David Rohl) го оспоруваат неговото место во хронологијата. Древните еврејски списи ја бележат инвазијата на Шошенк врз Палестина. *„На петтата година од Ровамовото царување египетскиот цар Шишак се крена против Ерусалим“* (1. Книга за царевите 14,25; 11,40; 2. Дневникот 12,2-9).





Потоа настапила Нубиската династија. Истакнат владетел на оваа династија бил Тирхака. Според Библијата, тој се обидел да подигне опсада против Асирците кои напредувале под водство на Сенахериб кај Лахис. Не само што Тирхака не успеал да се ослободи од притисокот на јудејскиот цар Езекија туку Асирците на крајот го освоиле и Египет. Есархадон ги освоил Мемфис и неговиот наследник, Асурбанипал, продолжил седумстотини километри на југ, ја освоил Теба и ја ограбил.

## Битката кај Мегидо

### - падот на египетското кралство



Фараонот Нехо II

Во 612 год. пред Христа Нинива била освоена и уништена од страна на Вавилонците. Египетскиот фараон Нехо II (библиски Нехаон), плашејќи се дека Египет ќе биде следен на удар на Вавилонците, со силна војска одмаширал на север кон Кархемиш. На тој пат, кај Мегидо, го пресретнал „добриот цар Јосија“ од Јуда. При таа средба една стрела го погодила Јосија и тој бил смртно ранет. Неговото тело било однесено назад во Ерусалим, каде што било погребано.

## Битката кај Кархемиш

По погубувањето на царот Јосија, фараонот Нехо II продолжил кон Кархемиш и тука бил поразен од Вавилонците. Тоа бил почетокот на крајот на египетската слава.

*продолжува на стр. 31*





# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

АРХЕОЛОГИЈА

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА. Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

## ЗЕМЈАТА НА ПИРАМИДИТЕ

**1.** На кои три писма е испишан каменот од Розета?

Одговор: 1) ______ 2) ______ 3) ______

**2.** Во која година бил пронајден каменот од Розета?

Одговор: ______

**3.** Во која година било дешифрирано хиероглифското писмо?

Одговор: ______

**4.** Кој бил првиот крал на Горен и Долен Египет?

Одговор: ______

**5.** Кралот ______ ја изградил Скалестата пирамида во Сакара.

**6.** Кој бил архитектот на Скалестата пирамида?

Одговор: ______

**7.** Градител на трите пирамиди на Меидум и Дашур најверојатно бил ______.

**8.** Трите величествени пирамиди во Гиза биле изградени од:

Одговор: (а) ______ (б) ______ (в) ______

**9.** Висината на Големата пирамида изнесува

Одговор: ______

**10.** Сфингата во Гиза ја направил

Одговор: ______

* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат) ______

# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# ЕГИПЕТСКАТА ИМПЕРИЈА

1. Фараонот ________ конечно ги протерал Хиксите од Египет.
2. Кралицата-фараон ________ го изградила Храмот во Деир ел Бахри.
3. Фараонот ________ презел седумнаесет воени походи.
4. Фараонот ________ ги изградил Колосите од Мемнон.
5. Како се викал/а
   (а) египетскиот „еретички крал“? ________
   (б) неговата сопруга? ________
6. Како се викал археологот што ја открил гробницата на Тутанкамон?
   Одговор: ________
7. Кралот на Египет, ________, се борел во битката кај Кадеш.
8. Што значи името „Мојсеј“? Одговор: ________
9. Според Библијата, кој египетски владетел го нападнал и освоил Ерусалим (1. Книга за царевите 14,25)? Одговор: ________
10. Библискиот пророк ________ претскажал дека Египет никогаш повторно нема да владее со народите.

* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат) ________

**Ваши податоци**

Име и презиме ________ Телефон ________

Адреса ________

Откако ќе ги одговорите прашањата и внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**



Тоа го предвидел библискиот пророк Еремија: *„Вака зборува Господ: 'Ете, ќе го предадам фараонот Вафриј, египетскиот цар, во рацете на неговите непријатели и во рацете на оние што му работат против главата'“* (Еремија 44,30).



Фараонот Вафри

Фараонот Вафри, познат меѓу историчарите како Априес, извршил блокада на Тир и ги поттикнал Евреите да се побунат против Вавилон; но како последица на тоа, го убиле неговите војници. Деновите на египетската слава веќе биле при крај. Израелските пророци ја предвидувале пропаста на Египет.

Езекил пророкувал: *„Господ Бог зборува вака: 'Ќе ги разурнам идолите и ќе ги истребам лажните боѓови во Мемфис, и не ќе има веќе кнезови во египетската земја... веќе никогаш нема да покори други народи“* (Езекил 30,13; 29,15).

Мошне смело пророштво. Како можел Езекил да знае дека Египет никогаш нема да ја врати својата моќ и нема да владее со други народи? Но токму така и се случило – пророштвото се исполнило.

## Најпонижено кралство

Во 525 г. пред Христа персискиот крал Камбис навлегол во Египет и останал таму три години, организирајќи ја персиската сатрапија (провинција). Додека политичката моќ на Персија слабеела, Египет се побунил, па така 30. ди-



Александар Велики го окупирал Египет во 332 год. пред Христа.



Списание за промовирање на библиската археологија | Месечно издание | Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Томислав Треневски** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“,** Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Печати: **Аркус дизајн** | Контакт: **071 569 076**

настија веќе станала линија на исклучиво египетски кралеви. Но, под водство на персискиот владетел Артаксеркс III, Египет уште еднаш бил надвладеан и 31-та династија била негова. Египет никогаш повторно немал свој домашен владетел на престолот.

Александар Велики го окупирал Египет во 332 г. пред Христа. без отпор. Него го наследил Птолемај кој потекнувал од линија на грчки владетели, од кои последна била познатата Клеопатра VII. Потоа дошле Римјаните и конечно настапила муслиманската инвазија која ја донела исламската религија во Египет. Сега Египет е република. Статуите во Мемфис лежат искршени. Египет никогаш повторно нема да владее со народите. Од времето на Александар Велики до денес, ниту еден египетски владетел не седнал на престолот на Египет. Дури ни кралот Фарук не бил Египќанец, туку Албанец.


Клеопатра VII, последниот владетел на древниот Египет

Посетителите денес можат да се восхитуваат на уметноста, амбицијата и раскошот што некогаш му припаѓале на древниот Египет, а кои можат да се видат од неговите споменици и натписи.

## ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:

# ХЕТИТИ и АСИРИЈА

- Хетитите - заборавен народ
- Страв и трепет за Сиријците
- Спомениците во Кархемиш
- Потеклото на Асиците
- Ебла на Тел Мардик
- Владеењето на Есархадон и Асурбанипал

